# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а согласно со член 19 став 1 точка 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за расположлив кредит преку ноќ**

I. Во Одлуката за расположлив кредит преку ноќ („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2011) се вршат следниве измени:

1. Во точката 4, ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„За одобрениот кредит преку ноќ Народната банка наплаќа камата по каматна стапка којашто се добива со додавање 0,50 процентни поени на каматната стапка на благајничките записи.

Во случај на примена на тендер со каматни стапки, каматната стапка на кредитот преку ноќ се добива со додавање 0,50 процентни поени на просечната пондерирана каматна стапка постигната на последната аукција на благајнички записи."

2. Во точката 7, став 2 зборот: „терминскиот" се заменува со зборовите: „редовниот термински".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.04.2012 година.

**О бр. 02-15/IV - 2/2012**
**06.04.2012 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на Република Македонија**
**Димитар Богов**